| | |
|---|---|
| ПРЕДЛАГАЧ: | Владата на Република Македонија |
| ПРЕТСТАВНИЦИ: | Диме Спасов, министер за труд и социјална политика<br><br>Ибрахим Ибрахими, заменик на министерот за труд и социјална политика |
| ПОВЕРЕНИЦИ: | Муедин Кахвеџи, државен секретар во Министерството за труд и социјална политика<br><br>Мирјанка Алексовска, раководител на сектор во Министерството за труд и социјална политика |

# П Р Е Д Л О Г- З А К О Н
за изменување и дополнување на Законот за работните односи

Скопје, ноември 2013 година

Република Македонија
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 41-6479/1
13.11.2013 година
Скопје

**ДО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**СКОПЈЕ**

Врз основа на членот 91 алинеја 2 од Уставот на Република Македонија и членовите 132 и 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија Ви поднесува Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за работните односи, што го утврди на седницата, одржана на 12.11.2013 година.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени Диме Спасов, министер за труд и социјална политика и Ибрахим Ибрахими, заменик на министерот за труд и социјална политика, а за повереници Муедин Кахвеци, државен секретар во Министерството за труд и социјална политика и Мирјанка Алексовска, раководител на сектор во Министерството за труд и социјална политика.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**м-р Никола Груевски**

Подготвил:Снежана Маркова - Пендовски
Контролирал: Љубица Р. Димовска
Согласен:Митра Спасовска
Одобрил:Кирил Божиновски

ВОВЕД:

## I.ОЦЕНКА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за работните односи (“Службен весник на РМ” бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09,130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13 и 25/13), се уредуваат работните односи помеѓу работниците и работодавачите кои се воспоставуваат со склучување на договор за вработување.

Во Законот е пропишано правото на отсуство од работа поради бременост, раѓање и родителство. Имено, согласно членот 165, предвидено е дека мајката има право на отсуство во траење од девет месеци, од кои задолжително се користат 28 дена пред раѓањето. Доколку мајката роди повеќе од едно дете во исто време, отсуството трае 12 месеци.

Сите права во врска со породилното отсуство се уредуваат со Законот за работните односи, како права од работниот однос, а само висината на правото на надоместок за време на породилното отсуство е уредено со Законот за здравственото осигурување.

Согласно Законот за здравственото осигурување, правото на надоместок на плата за време на бременост, раѓање и мајчинство се остварува ако:

1) здравственото осигурување траело најмалку шест месеци непрекинато пред настапување на случајот,
2) придонесот за задолжителното здравствено осигурување редовно да е уплатуван или со задоцнување од најмногу 60 дена и
3) оцена за привремена спреченост.

Во повеќе европски држави, покрај платеното отсуство поради бременост, раѓање и родителство, утврдено е и право на родителско отсуство поради грижа за детето и поминување на одреден период со детето во текот на неговиот развој до одредена возраст. Модалитетите за користење на оваа право секоја земја го утврдува во своето национално законодавство.

Родителското отсуство кај земјите од ЕУ се разликува по должина, дали е индивидуално или семејно право, по плаќањето, флексибилноста и др..

Родителското отсуство не треба да се поистоветува со правото по основ на раѓање и мајчинство, кое е задолжително и платено отсуство.

Утврдување на родителско отсуство по завршување на отсуството поради бременост, раѓање и родителство е дополнително право кое се предвидува со цел да се учествува во негата и одгледувањето на детето до одредена возраст.

Предлогот за воведување на право за неплатено родителско отсуство, начинот на неговото уредување и времетраењето е разгледан и прифатен од страна на Економско- социјалниот совет на Деветнаесетата седница одржана на 1.11. 2013 година.

Наведените причини ја наметнаа потребата од донесување на овој закон.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Законот се заснова на истите начела на кои се заснова основниот текст на Законот за работните односи.

Законот ги содржи и основните решенија на измените и дополнувањата кои се содржани во Предлог на Законот.

## III.ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Спроведувањето на овој закон не предизвикува финансиски последици врз Буџетот на Република Македонија и другите јавни финансиски средства.

IV. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИНОТ НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на овој закон, не се потребни дополнителни финансиски средства од Буџетот на Република Македонија .

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
за изменување и дополнување на Законот за работните односи

Член 1

Во Законот за работните односи односи ("Службен весник на Република Македнија" бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09,130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13 и 25/13), во членот 77 точка 3) по зборот "родителство" сврзникот " и" се заменува со запирка, а пред точката и запирката се додаваат зборовите: "и неплатеното родителско отсуство ".

Член 2

По членот 170 се додава нов наслов: " Неплатено родителско отсуство " и нов член 170-а кој гласи :

" Член 170-а

1) По завршување на отсуството од работа поради бременост, раѓање и родителство, работничката има право на неплатено родителско отсуство до три месеци во периодот до навршување на три годишна возраст на детето, во најмногу три дела, заради грижа за детето.

2) Доколку за време на користење на правото од став 1) на овој член, работничката забремени, не го губи правото на надоместок на плата по основ на бременост, раѓање и родителство “.

Член 3

Во членот 213-г став (3) зборовите: “ Владата на Република Македонија “ се заменуваат со зборовите: “Државната Комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен “.

Член 4

Се овластува Законодавно правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за работните односи.

Член 5

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,Службен весник на Република Македонија“.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ НА ЗАКОНОТ

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ НА ЗАКОНОТ

Со членот 1 се дополнува Законот за работни односи, односно членот 77, точка 3) со што се обезбедува заштита на работничката за време на користење на правото на неплатено родителско отсуство.

Со членот 2 се утврдува ново, дополнително право на неплатено родителско отсуство, кое е предвидено работничката да го користи по завршување на отсуството од работа поради бременост, раѓање и родителство, до три месеци, во периодот до навршување на три годишна возраст на детето, во најмногу три дела, заради грижа за детето ( став 1).

Со ставот 2 се предвидува за време на користење на правото на неплатено родителско отсуство, доколку работничката забремени, да не може да го изгуби правото на надоместок на плата по основ на бременост, раѓање и родителство .

Со членот 3 се врши техничко усогласување на законот, односно се предвидува по жалбите за репрезентативност да одлучува Државната Комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Измените и дополнувањата во Законот за работните односи се поврзани со Законот за здравствено осигурување.

III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложените решенија ќе се изврши усогласување на Законот за здравствено осигурување.

.

Текст на одредбите од Законот кои се менуваат и дополнуваат

Неосновани причини за отказ

Член 77

Неосновани причини за откажување на договорот за вработување се:
1) членство на работникот во синдикат или учество во синдикални активности во согласност со закон и колективен договор;
2) поднесување на тужба или учество во постапка против работодавачот заради потврдување на кршење на договорните и други обврски од работниот однос пред арбитражни, судски и управни органи;
3) одобрено отсуство заради болест или повреди, бременост, раѓање и родителство и нега на член на семејството;
4) користење на одобрено отсуство од работа и годишен одмор;
5) отслужување или дослужување на воен рок или воена вежба и
6) други случаи на мирување на договорот за вработување утврдени со овој закон.

Член 213-г

(1) Комисијата утврдува дали барањето и поднесените докази се во согласност со овој закон.

(2) Министерот надлежен за работите од областа за трудот, на предлог на Комисијата, донесува решение за репрезентативност.

(3) На решението за репрезентативност од ставот (2) на овој член може да се поднесе жалба до Владата на Република Македонија.

(4) Против решението од ставот (3) на овој член може да се заведе управен спор пред надлежен суд.